Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ бр.5/02) и Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Р.Македонија “ бр. 50/2005, 40/10, 46/10 и 183/11), Советот на општина Чучер-Сандево на **8-та** седница одржана на **29.11.2013** година, донесе

# ОД Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗОНИ ПРИ ПРИМЕНА НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

### Член 1

Со оваа одлука се определуваат зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на територија на општина Чучер-Сандево.

### Член 2

Утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот се врши согласно Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот, при што макро локацијата (зоните) како елемент за проценка на недвижен имот се утврдуваат на следниот начин:

**ПРВА ЗОНА** која одговара на **подзона 13,1** од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот го опфаќа следното подрачје: КО Кучевиште - на југоисток по течението на Радишанска река до пресекот со улица Бутелска 13; на запад продолжува по улица Бутелска 13 се до пресек со улица Бутелска 27; на југ продолжува по улица Бутелска 27 се до пресек со улица Призренска 2; на запад по улица Призренска 2 до КП 5630/1 и 5630/2, продолжува на север до границите на градежниот опфат и на исток до границите на општина Бутел како и јужниот дел на КО.Побожје со граници на запад со КО Кучевиште и на исток со КО Радишани.

**ВТОРА ЗОНА** која одговара на **подзона 13,3** од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот го опфќа подрачјето од: КО Блаце, КО Глуво-Бразда, КО Мирковци, КО Кучевиште и КО Чучер со намена А3-групно домување, Б-комерцијални и деловни објекти, Г-производство, дистрибуција и сервис, Е-инфраструктура и Д-зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори.

**ТРЕТА ЗОНА** која одговара на **зона 16** од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот го опфќа подрачјето на јужниот дел на КО Кучевиште, со намена А1-домување во стамбени куќи.

**ЧЕТВРТА ЗОНА** која одговара на **зона 17** од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот го опфќа подрачјето од: КО Бродец, со намена А4-времено сместување.

**ПЕТТА ЗОНА** која одговара на **зона 17,1** од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот го опфќа подрачјето од: КО Бањани, КО Горњани, КО Мирковци и КО Побожје, со намена А4-времено сместување.

**ШЕСТТА ЗОНА** која одговара на **зона 18** од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот и го опфаќа подрачјето на селата: Бањане, Блаце, Бразда, Брест, Бродец, Глуво, Горњане, Кучевиште, Мирковци, Побожје, Танушевци и Чучер-Сандево, со намена А1-домување во стамбени куѓи и Б1-мали комерцијални и деловни дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр.07-1703/5**
**29.11.2013година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Зоран Бајовски**